5401

PRES-SERVIS
NOVINSKO-IZDAVAČKO PREDUZEĆE SAVEZA NOVINARA JUGOSLAVIJE
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE OF THE FEDERATION OF YUGOSLAV JOURNALISTS
BEOGRAD — Knez Mihailova 2/X — Pošt. fah 842
Tel. 621-578 — Žiro račun — Current Account 608-1-251-1
SLUŽBA DOKUMETACIJE
CLIPPING SERVICE
Isečak iz lista
Newspaper cutting

ВЕЧЕР
Скопје
13 II. 1968

**Четири години на Музејот на современата уметност во Скопје**

# ПРЕЗЕНТИРАЊЕ НА СОВРЕМЕНАТА УМЕТНОСТ

★ **МУЗЕЈОТ РАСПОЛАГА СО ВКУПНО 1.700 ЕКСПОНАТИ, ОД КОИ ОКОЛУ 1.600 СЕ ПОДАРОЦИ**
★ **НАЈСКАПО ПРОЦЕНЕТА СЛИКА Е МАСЛОТО НА ПАБЛО ПИКАСО: ГЛАВА НА ЖЕНА — 300.000 ДИНАРИ**

На вчерашната конференција за печатот, а по повод четиригодишнината на Музејот на современата уметност во Скопје, беше одржана конференција за печат на која директорот на овој Музеј Борис Петковски ги запозна присутните новинари со условите што доведоа до формирање на еден ваков Музеј во Скопје.

Денес Музејот на современата уметност располага со околу 1.700 експонати, од кои околу 1600 подарени, и тоа од 820 ликовни уметници од 37 земји. Најголеми се националните колекции на Југославија — 212 уметници подариле 400 дела (најмногу Хрватска, најмалку уметниците од Словенија!), потоа Франција 80 уметници — 170 дела, Италија 130 уметници — 160 дела, Полска 98 уметници — 140 дела, Чехословачка 74 уметници — 132 дела итн.

Од авторите најмногу свои дела подариле југословенскиот сликар **Петар Лубарда — 32** свои дела, потоа брачната двојка **Ханс Хартунг — Ана Ева Бергман,** по 13 свои дела, Бразилијанката **Марија Боноли** — 20 свои дела. За најскапоцени дела се сметаат маслото на **Пабло Пикасо** Глава на жена проценето на 300.000 динари и **сликата Т—64 од Ханс Бергман** на 90.000 динари. Подароците од македонските ликовни уметници (досега свои дела подариле само 20 македонски уметници) се движат меѓу 1 до 5 дела.

Зборувајќи за иднината на Музејот Борис Петковски истакна дека годинава започнува градбата на Зградата на Музејот според архитектонското решение на тројцата полски архитекти: **Клишевски, Мокшински и Вјежбински,** всушност подарок на Полската влада, а за активноста во оваа година се рече дека таа е во знакот на македонската ликовна уметност: покрај редица самостојни изложби на македонски ликовни уметници во ноември годинава ќе биде организирана и репрезентативна изложба на современата македонска ликовна уметност во истоимениот музеј во Белград. Почнувајќи од оваа година Музејот ќе издава и свои постојани публикации: Билтенот, кој годинава ќе се појави 2—3 пати и годишниот Зборник преку кои постудиозно ќе се проучува македонската уметност.

**А. П.**